| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА КП 1879, КП 1880 И КП 1881/1, КО ОРИЗАРИ-ВГР, ОПШТИНА ВЕЛЕС |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН - ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева - диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Адреса: ул."Никола Оровчанец " бр: 1 , 1400 Велес, Р.Македонија<br>Тел./Фах. 043/222-744; 070/222-848 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Предметната локација за изработка на Локална урбанистичка планска Документација за изградба на објекти со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари- вгр, Општина Велес, е опфатена во рамките на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со тех.бр. 07120.<br>Локалната урбанистичка планска документација е изработен согласно Закон за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Планскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање.<br>Согласно точка 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање се работи за Локален урбанистички план со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија за дел од КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1 КО Оризари-вон.град, Општина Велес. Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 16497m2, т.е.1,65ха на терен со благ пад кој е градежно неизграден . | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да☐<br>Не☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II од Уредбата односно проекти за кои задолжително се врши оцена на влијание врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијание врз животната средина. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Цел на предметната локација за добивање на условите за градење на градежната парцела 1.1. формирана на КП бр 1881/1, КП 1879 и КП 1880,К.О. Оризари – вон град, со утврдување на класата на намена и површината за градба во склад со важечките | | | |

| |
|---|
| Закони и Правилници во кои детално се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идни градежни активности на објектот, е изградба на објекти од лесна, незагадувачка индустрија односно индустриска хала со паркинг простор. Од вкупната зададена површина во графичкиот прилог, согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15,35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18), 63% од зададената површина е дозволено да биде зафатена со градба. Од произнесеното, дозволената површина за градба изнесува 10420м², а вкупната бруто развиена површина за градба изнесува 20840м². Истата може да се распредели во повеќе површини за градба, меѓутоа согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и заради разработка на поделните содржини, како што е поставеноста на објектите, внатрешниот сообраќај како и паркирањето, доколку се планира изградба на повеќе од еден објект, потребна е изработка на АУП. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Регулаторните линии во планскиот опфат се регулационата линија, која го разделува постојниот локален пат како површина за општа употреба и опфатот со парцелирано земјиште за поединечна употреба – Г2-Лесна и незагадувачка индустрија.<br>Пристапот за оваа парцела е решен преку локалниот пристапен пат, кој е надвор од планскиот опфат, од југо-западната страна.<br>• Површина на градежна парцела.............................. 16497м2<br>• Вкупна површина за градба ......................................10420м2<br>• Бруто развиена површина за сите објекти................20840м2<br>• Процент на изграденост.............................................63.0%<br>• Коефициент на искористеност.........................................1,26<br>Парцелација: оформување на нова Г.П. 1.1<br>Висина на венец: кота на венец 12.00м.<br>Максималната висина на објектите се определува од висинската кота на тротоарот.<br>Број на катови: П+1. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>На планскиот опфат можни се влијанија врз животната средина кои ќе се минимизираат /елиминираат преку:<br>-Следење и контролира на присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.<br>-Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена. Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.<br>-Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти, да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.<br>-Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.<br>Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на зеленило да се даде приоритет на видовите (автохтони). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина во фаза на изградба на објекти ќе бидат со мал до среден интензитет и со кратко времетраење само за време на изградбата, а заради природата на дејноста која ќе се одвива во нив односно при реализација на планскиот опфат се очекува само чести движења на возилата, создавање на одредени количини и видови на отпад, а влијанијата бидат локални и краткотрајни. Покрај овие други значителни влијанија не се очекуваат. Исто така со реализација на планскиот опфат ќе е постигне рационално искористување на просторот и негово уредување. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што дејностите односно активностите кои ќе се вршат на планскиот опфат, а припаѓаат на лесна, незагадувачка индустрија не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи врз животната средина, животот и здравјето на луѓето . |

| | |
|---|---|
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Предметната локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со основна класа на намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, КО Оризари вон гр. Општина Велес, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување, како и задолжителна примена на мерки за заштита од пожар, иако предвидените објекти се со намена лесна и незагадувачка индустрија во кои не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, предвидена е прописна оддалеченост меѓу објектите која не дозволува префрлање на евентуелен пожар од еден на друг објект. Снабдувањето со санитарна вода и вода за против пожарна заштита ќе се врши преку новопланираната мрежа за која Општина Велес е должна да изработи проект за инфраструктура за приклучок на истата до најблиските инсталации за водоснабдување и фекални канализации.<br>Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти. Со оглед на вкупната површина на планскиот опфат, се претпоставува мал степен на урнатини и нивен мал процентуален однос спрема слободните површини. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Велес на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 55.108 жители од кои 2.262 жители се од село Горно Оризари. Од вкупниот број на жители 44% се расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.Развојот на индустријата по општини, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност.Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со |

| | |
|---|---|
| | "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за планираната ЛУПД за изградба на објекти со основна класа на намена Г2, меѓу кои и стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација , комплетна уреденост на просторот и поголеми економски ефекти со што се овозможуваат услови за урбанизација, поголема вработеност, стимулирање на развој на останати дејности, зголемен приход на локална самоуправа, подобрена инфраструктура како и трговија и развој. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Предметниот простор се наоѓа во подрачје "Бабуна-Тополки" кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје. Доколку со изработка на ЛУПД или при уредување на просторот дојде до нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на КО Оризари има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство „Службен весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно да се запре со отпочнатите градежни активности и да |

| | |
|---|---|
| | се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште – ниви (III, IV и V класа). При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Процентот на изграденост во предметниот ЛУПД изнесува 63%. За предметната површина за градба предвидено е катност П+1 односно коефициентот на искористеност е к=1,3. Планскиот опфат го сочинува една градежна парцела означена со број 1.1 со наведените КП и со посебните услови за изградба. Планскиот опфат се наоѓа покрај реката Тополка. При изработката на планската документација да се предвиди заштитен појас покрај водотекот согласно Зконот за води. До локалитетот има обезбедено пристап преку постојните локални патишта кои граничат со планскиот опфат. Истите не се третираат во планскиот опфат на ЛУПД-то и поради тоа е потребно за идниот развој на локалниот пат да се изработи Проект за инфраструктура.<br>При Проектирањето на внатрешниот сообраќаен систем, потребно е да се обезбеди пристап до сите делови на објектот за противпожарни возила. Секундарната мрежа на улици ќе биде предмет на разработка на Архитектонско урбанистички проект односно со основниот проект.<br>Паркирањето на моторните возила е предвидено во рамките на урбанистичката (градежна) парцела и е неоходно обезбедување на потребен простор за паркирање (гаражирање) на соодветен број возила. Снабдувањето со санитарна вода и вода за против пожарна заштита ќе се врши преку новопланираната мрежа за која е поребен проект за инфраструктура за приклучок на истата до најблиските инсталации за водоснабдување и фекални канализации. Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на најблиската водоводна мрежа и доизградба на секундарна мрежа. Одведувањето на фекалните и отпадните води од локалитетот ќе се прифаќаат и евакуираат во најблискиот реципиент одреден со проектот за |

| | |
|---|---|
| | инфраструктура. До изведувањето на фекална канализација, одведувањето на фекалните и отпадните води од објектите лоцирани во границите на планскиот опфат ќе се врши преку фекална канализација од сепаратен систем. Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали. Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е: А3 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид- Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-30-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-ГП Љубаништа). Релевантни регионални патни правци за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака: Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303); |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Донесувањето на планскиот опфат ќе донесе и поголеми инвестиции од странски и домашни инвеститори, од разни сфери на економијата. Со урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија, и ефектирање на даночната обврска на сопствениците за плачање данок на имот што претставува значаен извор на приход во локалната самоуправа.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Предложениот локалитет со намена Г2–Лесна и незагадувачка индустрија, КО Оризари-вгр, Општина Велес, е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби и на истата локација нема организација на јавни функции (образование, здравство,

социјала и спорт и рекреација),што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.
Во планскиот период доколку постои мотивираност и интерес за организација на јавни функции во јавен или приватен сектор за потребите на развој на секундарното домување и туризмот може да се организираат објекти од областа на јавните функции во непосредна близина. Во планскиот опфат предвидена е индустриска хала,а во близина на планскиот опфат не се евидентирани резиденцијални објекти. Предвидени се објекти во кои ќе се вршат дејности од незагадувачки карактер. Во опфатот се потврдува и комунална супраструктура. Во рамките на просторната организација на планот, изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштитата на животната средина,техничките прописи во градежништвото.
Во рамките на планскиот опфат, просторот е ангажиран за основната класа на намена:
Г – Производство, дистрибуција и сервиси,
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
Покрај основната класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, се предвидува
учеството на компатибилни класи на намена на основната класа на намена и тоа:
• Б1 - мали комерцијални и деловни дејности - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
• Б2 – големи трговски единици - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
• Б4 – деловни простори - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%
• В2 - здравство и социјална заштита - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 5%
• Д2 - заштитно зеленило - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%.
• Д3 - спорт и рекреација - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%.
• Д4 - меморијални простори - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%.
• Г3 - сервиси - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%.
• Г4 - стоваришта - со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има

поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Предложената организација на просторот произлегува од реалните потреби за развој на неземјоделски дејности, со оптимално почитување на меѓусебните влијанија, објективно усогласување на можностите и потребите, намалувањето на конфликтите помеѓу пооделни функции, создавање на здрава животна средина и предвидување на мерки за заштита на населението од пожар и разни непогоди. Реализацијата на ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Оризари-вон.град, Општина Велес, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз цело непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Доколку е базирана врз принципите на одржлив развој се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот, а со имплементација и можни емисии во воздух од зголемена фреквенција на возила и од работни активности во објектите, емисии во вода и почва од неконтролирано истекување на отпадни води и несоодветно управување со отпад кој ќе се генерира во објектите како и бучава од зголемена фреквенција на возила кои се движат по локалниот и регионалнио пат.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

емисии во воздух од движењето на возилата, неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадни води кои може да доведат до загадување на почва, подземни води и загрозеност по здравјето на човекот. Целокупната активност во овој плански опфат ќе се насочува кон одвивање на непречен развој со истовремена заштита на животната средина.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

До сега, за предметната локација не е донесен плански документ и поради тоа сите влезни параметри при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области се базираат на Просторниот план на Р.Македонија. Со самата иницијатива за изработка на оваа локална урбанистичка планска документација се врши делумно истражување како и се определуваат активностите и организацијата на просторот. Министерството за животна средина и просторно планирање изготви Решение за услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 1879,КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари – вон.град, Општина Велес, со тех.бр. УП1-15 827/2020 од 11.06. 2020 год. Локалниот урбанистички план е поврзана и со следниве документи: Стратегија за управување со води во РМ (2008-2020), Нациналeн план за управување со отпад, Национална стратегија за економски

| |
|---|
| раљзвој на РМ 1998, Национална стратегија за одржлив развој, Стратегија за демографски развој на РМ и други, а со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштитата на животната средина при што се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Со изготовување на Извештајот за стратегиска оценка на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определвање на критериумите врз кои се се утврдува поребата од спроведување на оценка на влијание врз животната средина потребно е да се утврди потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина. Потребата од оценка на влијанијата врз животната средина ја донесува органот на државната управа надлежен од за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува оценка на влијание врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејноста односно активноста и истиот да се достави до надлежен орган за негово одобрување и спроведување. Оваа постапка се започнува пред да се започне со спроведување на градежната фаза од спроведување на проектот односно објектиот, а со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина. |

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Аце Коцевски |
| Датум 05.08.2020<br>Место Велес | М.П. |